# ИЗВЕШТАЈ

за добиен и реализиран ваучер од АМС за 2020 година

од ППК "Борец-Тим" – Велес

Почитувани

Ве известуваме дека ППК "Борец-Тим" – Велес конкурираше и доби ваучер за 2020 година во вредност од 50 000 денари. Истиот беше реализиран во целосен износ од 50 000 денари во соработка со приватна фирма "Малина" од Велес. Паричните средства ни беа префрлени на сметка при крајот на 2020 година.

Поради здравствената криза клубот немаше никаква активност (натпревари, турнири, тренинзи и слично) во периодот по добивањето на паричните средства.

Во 2020 година ППК "Борец-Тим" нема потрошено ниту денар од вредноста на добиениот ваучер. Од ППФМ ни беше посочено дека ваучерот може да се реализира во текот на 2021 година.

ППК "Борец-Тим" е единствена екипа од првата лига која сите натпревари ги одигра на теренот на противникот во рамките на есенската полусезона и тоа без ниту еден тренинг. Нашиот клуб не доби дозвола да тренира во спортската сала "Парк спорт", нитудагииgranатпреваритеодпрвенството на кои бевме домакини, иако го имавме потпишано и прифатено сите протоколи за спортување во услови на пандемија.

Се надеваме дека финансиските средства од добиениот ваучер ќе ги реализираме во целост во тековната 2021 година.

Спортски поздрав

Здружение пингпонгарски клуб БОРЕЦ-ТИМ Велес

М.П.

Велес

25.01.2021

Престедател

Илија Пешов